Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 37/0306
26.02 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.02.2026 година, врз основа на примена жалба од **Граѓанското здружение за слободно медиумско изразување Трибуна** од Прилеп ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Македонија во бугарскиот стратегиски контекст на 21 век: Долгорочна бугарска стратегија за негирање насочена кон системско ништење на македонскиот национален идентитет-3“,** објавен на интернет порталот на Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 13.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 01.02.2026 г., упати жалба за текстот со наслов „Македонија во бугарскиот стратегиски контекст на 21 век: Долгорочна бугарска стратегија за негирање насочена кон системско ништење на македонскиот национален идентитет-3“, објавен на интернет порталот на Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 13.01.2026 г., при што се жали на говор на омраза, дискриминација, неточно и нефер известување, мешање на факти и мислења, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.
Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „содржината на текстот е давање на едно лично произволно гледиште без презентирање на докази, односно станува збор за пропагандна шпекулација“, како и тоа дека „насловот на текстот е искористен да поттикне говор на омраза, дискриминација по основ на национална основа врз бугарскиот народ“.
Се додава и дека од медиумот Нова Македонија „не го почитувале ниту го протолкувале Законот за ратификација на Договорт за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој жалбата се смета за неприфатлива од неколку причини. Во одговорот, меѓу другото се наведува:

„Текстот претставува анализа од јавен интерес, а не говор на омраза Оспорениот текст е публицистички напис – анализа/фељтон на автор со академски кредибилитет (проф. д-р Радко Начевски), кој се осврнува на политички и стратешки документи и јавни политики поврзани со македонско-бугарските односи“.

Од медиумот додаваат и дека постои „разлика меѓу критика на државна политика и напад врз етничка група и дека „жалбата погрешно ја поистоветува критиката на политички пристапи со говор на омраза кон народ“, дека „текстот не повикува на насилство, не содржи деградирачки квалификации кон етничка група, не поттикнува дискриминација, туку анализира политички стратегии и документи“.

На крајот од одговорот од „Нова Македонија“ се наведува: ...„Оспорениот текст: е дел од легитимна јавна дебата, претставува политичка анализа, не содржи елементи на говор на

омраза, е заштитен со член 10 од Европската конвенција(ЕКЧП), и не ги исполнува критериумите за дискриминација или поттикнување нетрпеливост", како и „дека е несоодветно и правно неосновано секоја критичка анализа на официјални политички стратегии на Република Бугарија автоматски да се квалификува како говор на омраза. Таквиот пристап претставува обид за ограничување на легитимната јавна дебата и создавање притисок врз медиумите да се воздржат од критичко известување за прашања од национален и државен интерес".

Притоа низ целиот одговор Редакцијата се повикува и на судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, при што се наведени неколку пресуди: **Handyside v. United Kingdom (1976)**; **Lingens v. Austria (1986)**; **Perinçek v. Switzerland (2015)**; **Oberschlick v. Austria (1991)** и **Castells v. Spain (1992)**.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Македонија во бугарскиот стратегиски контекст на 21 век: Долгорочна бугарска стратегија за негирање насочена кон системско ништење на македонскиот национален идентитет-3", објавен на интернет порталот на Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 13.01.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст во кој се објавува анализа од 2001 година посветена на делови од односите помеѓу Македонија и Бугарија и суштината на спорот, но гледано пошироко во историски контекст од 19-от, 20-от и почетокот на 21-от век, што значи дека темата е од јавен интерес.

Комисијата, исто така, констастираше дека текстот е јасно означен како анализа која ќе биде објавена во неколку продолженија, а дека жалителот всушност бара етички прекршоци во членовите 1, 5, 10, 11 и 13 од Кодексот на новинари на Македонија, па така и пристапи во градењето на мислењето за оваа одлука.

Оттука, во однос на првиот член од Кодексот, Комисијата смета дека авторот својата анализа ја темели на конкретни документи и историски референци, меѓу кои „Националната стратегиска програма бр. 1"(1998), на Научниот центар за бугарска национална стратегија, на Султанскиот ферман од 1870 година за воспоставување на Бугарската егзархија, на Санстефанскиот мировен договор од 1878 година и други историски извори. Врз основа на тие документи и интерпретации, се гради теза за постоење долгорочна стратегија насочена кон негирање на македонскиот идентитет. Таквиот заклучок сам по себе не може да претставува доказ за неточност, бидејќи авторот смета дека фактите може и треба да се толкуваат и поврзуваат, што во неговата анализа доведува до тврдењето за една континуирана стратегиска рамка на постапување на бугарската политика во минатото и се до почетокот на 21-от век.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во однос на член 5 (новинарот ќе ги почитува законите, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес), Комисијата смета дека не може да се тврди дека објавувањето на овој труд е спротивно на јавниот интерес и тоа го констатираше уште на почетокот при разгледувањето на жалбата. Напротив, станува збор за анализа на документ што се однесува на меѓудржавни односи и национална политика, што по својата природа претставува прашање од јавен интерес.

Од содржината на жалбата е очигледно дека „Трибуна“ ја поврзува содржината на текстот со наводно нарушување на Договорот за пријателство...(2017 г.), односно со постапување спротивно на „јавниот интерес“. Таквото толкување е прешироко и не произлегува од самиот Кодекс. Имено, тој не воспоставува обврска за усогласување на медиумската содржина со меѓудржавни политички договори, ниту може да се користи како инструмент за ограничување на критичка анализа на надворешната политика во медиумите со цел поттикнување на јавна дебата.

Комисијата смета дека и во однос на членовите 10 (говор на омраза и дискриминација) и 11 (почитување на етничките, културните и религиозните разлики) од Кодексот, не може да стане збор за лошо етичко поведение на медиумот.

Членовите на Комисијата немаат сомнеж дека јазикот во текстот е остар и вредносно обоен. Формулациите како „ништење на националниот идентитет“ или „агресивност на стратегијата“ се конфронтирачки, но тие се насочени кон државна политика и стратегиски документи, а не кон луѓе поради нивната национална припадност. Во текстот нема повик на насилство, нема повик на дискриминација по национална основа, ниту директно загрозување на нечии права. Нема ниту директно омаловажување на етничка група како таква (бугарската), ниту повик на непочитување или ограничување на нејзините права. Критиката е насочена кон државни политики и стратегиски определби, а не кон достоинството на припадниците на една нација.

Оттука, крајниот заклучок на Комисијата е дека медиумот „Нова Македонија“ не ги прекршил членовите 1, 5, 10, 11 и 13, ниту други членови од Кодексот. Несогласувањето со тезата или со тонот не е доволно за да се констатира прекршување на овие етички и професионални одредби од Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595